МАТЕРИЈАЛИ ЗА УЧЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 6

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ

Верица Неделкоска

Биро за развој на образованието





# СОДРЖИНА

ТЕМА I

ЛЕКЦИЈА 1 - ЗДРАВО, ЈАС СЕ ВИКАМ... ..... 4
ЛЕКЦИЈА 2 – ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ..... 8
ЛЕКЦИЈА 3 – МОЕТО СЕМЕЈСТВО..... 11
ЛЕКЦИЈА 4 – ЧЛЕНОВИТЕ НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО И НИВНИТЕ ПРОФЕСИИ..... 14
ЛЕКЦИЈА 5 – МОЈАТА ОКОЛИНА И МОИТЕ СОСЕДИ..... 16
ЛЕКЦИЈА 6 – СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ ..... 17
ЛЕКЦИЈА 7 – МОЈОТ ДОМ..... 19
ЛЕКЦИЈА 8 – ВО ДЕТСКАТА СОБА ..... 23
ЛЕКЦИЈА 9 – ВО ДНЕВНАТА СОБА ..... 26
ЛЕКЦИЈА 10 – ВО КУЈНАТА И ТРПЕЗАРИЈАТА..... 30
ЛЕКЦИЈА 11 – ВО ДВОРОТ И ГРАДИНАТА..... 33
ЛЕКЦИЈА 12 – МОЕТО СОСЕДСТВО И МОИТЕ ДРУГАРИ ..... 36
ЛЕКЦИЈА 13 – МОЕТО УЧИЛИШТЕ ..... 40
ЛЕКЦИЈА 14 - ЈАС СЕДАМ ВО ВТОРАТА КЛУПА, А ПРЕД МЕНЕ СЕДИ..... 45
ЛЕКЦИЈА 15 – ДЕЖУРНИ УЧЕНИЦИ ОВАА СЕДМИЦА СЕ ..... 49
ЛЕКЦИЈА 16 – НА УЧИЛИШТЕ ОДАМ СО ..... 53
ЛЕКЦИЈА 17 – ВО КНИЖАРНИЦАТА..... 57
ЛЕКЦИЈА 18 – ИЗВИНЕТЕ, КАДЕ Е...? ..... 60
ЛЕКЦИЈА 19 – ИНТЕРЕСИ, ХОБИ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ..... 62
ЛЕКЦИЈА 20 – ВО ЗДРАВО ТЕЛО, ЗДРАВ ДУХ ..... 65
ЛЕКЦИЈА 21 – МЕСЕЦИТЕ И ГОДИШНИТЕ ВРЕМИЊА..... 67
ЛЕКЦИЈА 22 – МЕ БОЛИ РАКАТА ..... 69
ЛЕКЦИЈА 23 – ОМИЛЕНАТА ПРИНЦЕЗА НА СЕСТРА МИ ..... 72
ЛЕКЦИЈА 24 – ОВА СЕ ЖИРАФАТА ФИФИ И КРОКОДИЛОТ КИКИ..... 76
ЛЕКЦИЈА 25 – ВО ПРОДАВНИЦАТА ЗА ОБЛЕКА..... 78
ЛЕКЦИЈА 26 – МОИТЕ ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ..... 80
ЛЕКЦИЈА 27 – БУРЕК ЗА ПОЈАДОК, САЛАТА ЗА РУЧЕК..... 82
ЛЕКЦИЈА 28 – ВО СЛАТКАРНИЦАТА ..... 84
ЛЕКЦИЈА 29 – ЧИТАМЕ СТИХОВИ ОД МАКЕДОНСКИ ПОЕТИ..... 88

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ЗДРАВО, ЈАС СЕ ВИКАМ...



Здраво!
Јас се викам Јана.
Се презивам Стојковска.
Имам 11 години.
Јас сум шесто одделение.
Јас живеам на улица „Скупи“ во населбата Влае во Скопје.



Добар ден!
Јас сум Арбен Адеми.
Имам 12.
И јас сум шесто одделение.
Живеам во Гостивар, на улица „Кеј Вардар“.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Како се презива Јана, а како Арбен?
- Колку години имаат тие?
- Кое одделение се Јана и Арбен?
- Каде живее Јана?
- Во која населба е улицата „Скупи“?
- На која улица живее Арбен?
- Од кој град е Арбен?





## РЕЧНИК

**Здраво,**
**добар ден,**
**се викам,**
**се презивам,**
**има – нема,**

**година,**
**години;**

**живее,**
**живеам, живееш;**

**шесто, одделение,**
**одделенија;**

**улица, улици;**
**населба, населби;**
**град, градови.**

## ПРИМЕРИ

- Јас живеам во Скопје, ти живееш во Гостивар.
- Името ти е ______________, а презимето?

  ______________________
- Населбата е Баир, напиши го градот.

  ______________________

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Здраво, јас сум Јана од Скопје. Имам 11 години и учам во шесто одделение.**



## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Глаголот **СУМ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас **сум** | 1.л. | ние **сме** |
| 2.л. | ти **си** | 2.л. | вие **сте** |
| 3.л. | тој **е** | 3.л. | тие **се** |
| | таа **е** | | |
| | тоа **е** | | |

Глаголот **ЖИВЕЕ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас живе**ам** | 1.л. | ние живее**ме** |
| 2.л. | ти живее**ш** | 2.л. | вие живе**ете** |
| 3.л. | тој живе**е** | 3.л. | тие живе**ат** |

Глаголот **ИМА** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас **имам** | 1.л. | ние **имаме** |
| 2.л. | ти **имаш** | 2.л. | вие **имате** |
| 3.л. | тој **има** | 3.л. | тие **имаат** |
| | таа **има** | | |
| | тоа **има** | | |

**Бројни придавки**

прво (одделение), второ, трето, четврто, петто, шесто, седмо, осмо, деветто







## Вежби

**А) Пополни ги празните места со форми од глаголот СУМ**

1. Јас..................................трето одделение, а Блерим ....... шесто одделение.

2. Берта ..........седмо одделение, ние .............................деветто одделение.

3. Тие ................ петто одделение, вие ....................... второ одделение.

**Б) Пополни ги празните места со форми од глаголот <u>живее</u> и со места што ти ќе ги избереш.**

Тој ............живее......... во .......Радовиш.... Јас .......................... во ............................

Тие ............................ во ......................... Ти .......................... во ............................

Ние ........................... во ......................... Вие ........................ во ...............................

**В) Разговарајте на часот и кажете си меѓусебе на која улица живеете.**

Пример: Јас живеам на улица „Амди Демир“.
На која улица живееш ти?

**Г) Слушаме, препознаваме и правилно изговараме**

**Х –** хеликоптер, ходник, хеланки, хемија, хулахоп, храна

**Ф –** фабрика, фонетика, фудбал, фотографија, феферона

**Ч –** чоколадо, човек, читална, чевли, чисто

**Д) Заокружи што слушаш:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Т-Д | К-Г | Х-К | К-Ќ | Џ-Ч |
| П-Б | Ц-С | Л-Љ | Г-Ѓ | М-Н |
| Л-Ј | З-С | Н-Њ | Ј-Љ | Ј-Њ |

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ



Јас сум Јана.
Носам очила.
Имам долга коса.
Имам сини очи.
Арбен е добар другар.



Јас сум Арбен.
Не носам очила.
Имам кратка коса.
Имам кафени очи.
Јана е прекрасна другарка.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каква коса има Јана, а каква Арбен?
- Кој не носи очила?
- Дали Арбен има сини очи?
- Каква другарка е Јана?







## РЕЧНИК

**Носиа, носам, носиш долга/кратка долг, долга, долго, долги краток, кратка, кратко, кратки коса, син, сина, сино, сини; кафен, кафена, кафено, кафени; око, очи, другар, другарка, другари; добар, добра, добро, добри; прекрасен, прекрасна, прекрасно, прекрасни.**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Глаголот **СЕ ВИКА** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас се викам | 1.л. | ние се викаме |
| 2.л. | ти се викаш | 2.л. | вие се викате |
| 3.л. | тој се вика | 3.л. | тие се викаат |

Глаголот **НОСИ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас носам | 1.л. | ние носиме |
| 2.л. | ти носиш | 2.л. | вие носите |
| 3.л. | тој/таа/тоа носи | 3.л. | тие носат |

**ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ**

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| јас | ние |
| ти | вие |
| тој | тие |
| таа | |
| тоа | |



## ПРИМЕРИ

- Прекрасна другарка со сини очи.
- Тој е добар другар.
- Таа е со кафени очи и долга коса.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: „Долга коса – краток ум“.**

## Вежби

**1. Пополни ги празните места со соодветна форма од глаголот СЕ ВИКА!**

Јас ....................................... Маја. Ти ............................ Дритон.

Тој ........................................ Милош. Таа ........................................... Мерсије.

**2. Пополни ги празните места со форми на личните заменки**

................................... сум Маја. .............................. си Дритон.

................................... е Милош, ............................... е Мерсије.

................................. сме ученици. ................................... сте спортисти.



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### МОЕТО СЕМЕЈСТВО



Ова е моето семејство.
Се презиваме Алиовски.

На фотографијата јас сум второ одделение.

Ги претставувам по ред: баба ми Аниса, дедо ми Ерхан, тетка ми Сабина, тетин ми Џемал, татко ми, мајка ми, дедо ми Амар и баба ми Џејла, братучетка ми Семра, братучед ми Дино, брат ми Михрем и јас, Амина.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Како се презива Амина?
- Кое одделение е на фотографијата?
- Дали имаш брат/сестра?
- Како се вика брат ти/сестра ти и кое одделение е?
- Како се викаат баба ти и дедо ти?



## РЕЧНИК

**Семејство, семејства;**
**баба, баби;**
**дедо, дедовци;**
**татко, татковци;**
**мајка, мајки;**
**тетка, тетки;**
**тетин, тетиновци;**
**братучед, братучеди;**
**братучетка, братучетки;**
**брат, браќа;**
**сестра, сестри.**



## ПРИМЕРИ

- Моето семејство има баби, дедовци, тетки, и братучеди, нема чичковци

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Моето семејство е големо.**





## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

- Имињата на луѓето се **сопствени именки**. Имињата на местата на живеење, градови, населби, села се, исто така, сопствени именки.
- Зборовите како: ученик, братучед, тетка, фотографија, семејство се викаат **општи именки**. Тие означуваат имиња на суштества, предмети, појави.







### Вежби

1. Поделете ги дадените именки на општи и сопствени и напишете ги во соодветната колона: мајка, татко, братучед, Ерол, Скопје, Битола, Чегране, тетка, брат, сестра, Вардар, Амина.
2. Играјте „На буквата, на буквата...“ и смислете имиња кои почнуваат со одредена буква.

   Пример: А - Ана, Ајше, Ангела, Антон, Агрон...

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ЧЛЕНОВИТЕ НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО И НИВНИТЕ ПРОФЕСИИ



Се викам Јана. Јас сум ученичка.

Татко ми е **слаткар**. Тој прави слатки.

Тетин ми е **информатичар**. Тој работи од дома.

Братучетка ми е **медицинска сестра**. Работи во амбуланта.

Мајка ми е **наставничка**. Работи во училиште.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што работи Јана?
- Што е по професија таткото на Јана?
- Каде работат медицинските сестри?
- Што е по професија мајката на Јана? Каде работи таа?



## РЕЧНИК

**прави, правам, правиш; работи, работам, работиш; семејство, семејства; ученичка, ученички; наставничка, наставнички; училиште, училишта; медицинска сестра, медицински сестри; амбуланта, амбуланти; информатичар, информатичари; слаткар, слаткари;**

## ПРИМЕРИ

- Јас сум докторка.
- Тато е полицаец.
- Мама е медицинска сестра.





**СПОРЕДУВАМЕ**

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Мојата омилена професија е лекар.**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Имињата на професиите се општи именки.
Можат да бидат во машки или во женски род.

**ИМЕНКИ**

слаткар, наставничка, медицинска сестра, информатичар

| Машки род, еднина | Женски род, еднина | Множина (двата рода) |
| --- | --- | --- |
| слаткар | слаткарка | слаткари |
| наставник | наставничка | наставници |
| информатичар | информатичарка | информатичари |
| | медицинска сестра | медицински сестри |



**Вежби**

Поделете се во двојки. Користете го изразот *Сакам да бидам...* и кажете му на своето другарче што би сакале да бидете.

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## МОЈАТА ОКОЛИНА И МОИТЕ СОСЕДИ

Овие луѓе од фотографијата се моите соседи: овој човек е господин Рамадани, оваа жена е госпоѓа Рамадани, ова е нивното куче, Леси, а ова се нивните деца: Сара и Агрон.




## РЕЧНИК

**Овој, оваа, ова, овие;**
**Сосед, соседи;**
**господин, господа;**
**госпоѓа, госпоѓи;**
**куче, кучиња;**
**дете, деца.**

## ПРИМЕРИ

- Соседите се прекрасни: господин, госпоѓа и три деца. Имаат и куче.

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ**

Овој, оваа, ова, овие

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се поздравуваат најблиските соседи?**

## Вежба

Претстави го своето другарче - колку години има, каде живее, како изгледа.

Пр. Ова е Ердал. Има 11 години, живее во Куманово. Тој е висок, има црна коса и сини очи.

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## *СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ*



Празниците се дел од животот.
Празнуваме празници на заедницата, национални празници, верски празници.

Кога некој празнува, честитаме. Кога честитаме, велиме:

**Честитки! Со среќа!**

**Честит Рамазан Бајрам!**

**Честит Велигден!**

**Среќни Божиќни празници!**

**Честит Ден на наставата на турски јазик!**

**Честит Меѓународен ден на Бошњаците!**

**Честит Свети Сава!**

**Честит имениден!**

**Среќна слава!**

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што велиме кога честитаме Рамазан Бајрам?
- Како се честита Велигден?
- Кога е Денот на албанската азбука?
- Кога е Денот на наставата на турски јазик?
- Кога се празнува Меѓународниот ден на Бошњаците, а кога Свети Сава?



## РЕЧНИК

**Празник – празници, верски, национални, празнува, празнувам, празнуваш;**

**честита, честитам, честиташ;**

**честит;**

**со среќа;**

**именден.**



### СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се честита Рамазан Бајрам/ Велиген/именден и други празници?**

### Вежба

**Направете постер на тема:**

**ЈАДЕЊАТА НА НАШИТЕ ПРАЗНИЦИ**





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### МОЈОТ ДОМ

**Милош:** Здраво Арбен! Здраво Јана! Што правите?

**Јана:** Здраво, Милош! Одиме кај Арбен да правиме постер.

**Арбен:** Да, постер за домот и семејството.

**Милош:** Одлично! Пријатна работа! Се гледаме утре.

.........

**Арбен:** Ова е мојот дом, Јана.

**Јана:** Блиску е до училиштето.

**Арбен:** Дали и ти живееш во куќа?

**Јана:** Не, не живеам во куќа, туку во стан. Нашиот стан е на вториот кат во жолтата зграда. Баба ми и дедо ми живеат во куќа, на село.

**Арбен:** Мојата баба живее со нас. Нејзината соба е на приземјето. Јас и брат ми имаме заедничка соба. Нашата соба е на првиот кат.

**Јана:** А каде е собата на вашите родители?

**Арбен:** Нивната соба е исто така на првиот кат. Ајде да влеземе и ќе ти ја покажам целата куќа.

**Јана:** Сигурна сум дека нашиот постер ќе биде многу убав.

**Арбен:** Се надевам.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде одат Арбен и Јана?
- Каков постер ќе прават?
- Дали домот на Арбен е блиску или далеку од училиштето?
- Дали Јана живее во куќа? На кој кат живее?
- Што има Арбен, брат или сестра?
- Каде живее бабата на Арбен, а каде бабата на Јана?
- На кој кат е детската соба?



## РЕЧНИК

**Постер, постери**
**дом, домови;**
**куќа, куќи;**
**зграда, згради;**
**стан, станови;**
**соба,соби;**
**кат, ката, катови;**
**приземје, приземја;**
**град, градови;**
**село, села;**
**блиску, далеку,**
**заеднички, заедничка,**
**заедничко, заеднички.**

## ПРИМЕРИ

- Ние живееме во стан.
- Тој живее во зграда.
- Ема живее во голема куќа, но на катот горе.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Домот е таму каде што е срцето.**







# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## ГЛАГОЛИ

Глаголот **ПРАВИ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас прав**ам** | 1.л. | ние прави**ме** |
| 2.л. | ти прави**ш** | 2.л. | вие прави**те** |
| 3.л. | тој прави | 3.л. | тие прав**ат** |
| | таа прави | | |
| | тоа прави | | |

Глаголот **ОДИ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас од**ам** | 1.л. | ние оди**ме** |
| 2.л. | ти оди**ш** | 2.л. | вие оди**те** |
| 3.л. | тој оди | 3.л. | тие од**ат** |
| | таа оди | | |
| | тоа оди | | |

## ИМЕНКИ

**машки** род

гра**д** - град**ови**

ста**н** - стан**ови**

ка**т** - кат**ови**

стри**п** - стрип**ови**

посте**р** - постер**и**

компјуте**р** - компјутер**и**

**женски** род

куќ**а** - куќ**и**

зград**а** - згради**и**

соб**а** – соб**и**

баб**а** - баб**и**

**среден** род

сел**о** - сел**а**

семејств**о** - семејств**а**

училишт**е** - училишт**а**

## Сврзниците И – А – ТУКУ

Баба ми пие чај **и** јаде бисквити.

Арбен живее во куќа.

**И** Јана живее во куќа.

(Јана живее во куќа, исто така.)

Арбен живее во куќа, **а** Јана во стан.

Јана не живее во куќа, **туку** во стан.

Арбен нема сестра, **туку** брат.



## Вежби

А) Пополни ги празните места

1. Јана и Арбен прават постер за ______________ и семејството.
2. Арбен живее во ______________, а Јана живее во ______________.
3. Домот на Арбен е ______________ до училиштето.
4. Станот на Јана е на вториот ______________.
5. Бабата и дедото на Јана живеат на ______________.
6. Арбен и брат му имаат ______________ соба.
7. Собата на бабата на Арбен е на ______________.

Б) Пополни ги празните места (Одбери еден од понудените зборови)

1. Јана не е петто одделение, ______________ шесто. (и, а, туку)
2. Дедо ми пие кафе ______ гледа телевизија. (и, а, туку)
3. Арбен и Јана не ______________ стрип, ______________ постер. (прави, правиме, прават) (и, а, туку)
4. Бабата на Арбен живее во град, ________ бабата на Јана живее во село. (а, туку, и)
5. Ние ______________ на кино. (одам, одиме, одат)
6. Каде ______________ Арбен и Јана? (одам, одат, одите).
7. ______________ одат кај Арбен. (ние, ти, тие)







## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО ДЕТСКАТА СОБА

**Арбен:** Ова е детската соба. Во собата има кревети, комода со фиоки, работна маса, но нема телевизор.
Има и голем прозорец... Мојот кревет е горе, а креветот на брат ми е долу. Ова е нашата работна маса или биро. На масата е нашиот компјутер. Синиот стол е многу удобен... А ова е мојата омилена, црвена фотелја.

**Јана:** Многу ми се допаѓа вашата детска соба.
Мала е, но многу убава и уредна.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Што има во детската соба на Арбен, а што нема?
- Каде се наоѓа креветот на Арбен?
- Која фотелја му е омилена?
- Каква е собата на Арбен и брат му?



## РЕЧНИК

**Детска соба, детски соби;**
**кревет, кревети;**
**комода, комоди;**
**фиока, фиоки;**
**работна маса/биро, работни маси;**
**телевизор, телевизори;**
**прозорец, прозорци;**
**компјутер, компјутери;**
**омилен, омилена, омилени, омилени;**
**убав, убава убаво, убави;**
**уреден, уредна, уредно, уредни;**
**горе – долу.**



## ПРИМЕРИ

- Во собата имам: комода, фиоки, голем кревет и телевизор.
- Собата е уредна и убава.
- Во собата нема голем прозорец.
- Како е во твојата соба?

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Мојата соба, мое царство!**







## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

Присвојни заменски придавки за 1. и 2. лице

**чиј, чија, чие, чии?**

Чиј е креветот?
– мој, твој, наш, ваш,...

Чија е фотелјата?
– моја, твоја, наша, ваша,...

Чие е бирото?
– мое, твое, наше, ваше,...

Чии се книгите?
– мои, твои, наши, ваши,...

(јас) мој, моја, мое, мои

(ти) твој, твоја, твое, твои

**Мојот** кревет е долу.

**Твојата** фотелја е сина.

**Нашето** биро е бело.

**Вашите** книги се интересни.

(ние) наш, наша, наше, наши

(вие) ваш, ваша, ваше, ваши

**брат ми = мојот брат** **брат ти = твојот брат**

### Вежби

А) Разговарај со другарчето до тебе. Кажи му што има и што нема **во твојата соба.** Потоа прашај го него.

Б) Одговорете на следните прашања:

Здраво Арбен и Гранит!

1. Како се вика **вашиот** татко? – ________________ татко се вика ________________.
2. Каде е **вашата** баба? ________________ баба е на село.
3. Дали многу лае **вашето** куче? ________________ куче не лае многу.
4. Каде се **вашите** родители? ________________ родители се на работа.

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО ДНЕВНАТА СОБА




**Арбен:** Во дневната соба има тросед, две фотељи, слики на ѕидовите, саксија со цвеќе, ТВ-комода, масичка. Овде нема килим ниту завеси.

**Јана:** И во нашата соба нема килим. Ние велиме „тепих“.

**Арбен:** Овде гледаме телевизија, играме карти, монопол, разговараме, се дружиме. Ова е мојата омилена просторија во домот.

**Јана:** И нашата дневна соба во викендите е киносала.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што има во дневната соба во домот на Арбен?
- Дали во вашата дневна соба има килим?
- Што прават луѓето во дневната соба?
- Која му е омилената просторија во домот на Арбен?
- Која е твојата омилена просторија во домот?







## СПОРЕДУВАМЕ

Како на твојот мајчин јазик се вели: Ова е мојата омилена просторија во домот.

## РЕЧНИК

**Разговара, разговарам, разговараш;**
**се дружи, се дружам, се дружиш;**
**дневна соба, дневни соби;**
**тросед,троседи;**
**фотелја, фотелји;**
**слика, слики;**
**ѕид, ѕидови;**
**саксија, саксии;**
**цвеќе, цвеќиња; цвет, цветови;**
**комода, комоди;**
**масичка,**
**килим, килими=тепих, теписи**
**завеса, завеси,**
**телевизија,телевизии;**
**карта, карти;**
**монопол,**
**просторија,простории;**
**викенд,викенди;**
**киносала, киносали.**



## ПРИМЕРИ

- Во мојата дневна се дружиме. Дали се дружите во вашата дневна?
- Во мојата дневна играм монопол и карти.
- Баба имаа саксии во дневната.
- Дедо има убава фотелја.

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## ГЛАГОЛИ

Глаголот **ГЛЕДА** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас гледа**м** | 1.л. | ние гледа**ме** |
| 2.л. | ти гледа**ш** | 2.л. | вие гледа**те** |
| 3.л. | тој глед**а** | 3.л. | тие глед**аат** |
| | таа глед**а** | | |
| | тоа глед**а** | | |

Глаголот **ИГРА** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас игра**м** | 1.л. | ние игра**ме** |
| 2.л. | ти игра**ш** | 2.л. | вие игра**те** |
| 3.л. | тој игр**а** | 3.л. | тие игр**аат** |
| | таа игр**а** | | |
| | тоа игр**а** | | |

Глаголот **СЕ ДРУЖИ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас се друж**ам** | 1.л. | ние се друж**име** |
| 2.л. | ти се друж**иш** | 2.л. | вие се друж**ите** |
| 3.л. | тој се друж**и** | 3.л. | тие се друж**ат** |
| | таа се друж**и** | | |
| | тоа се друж**и** | | |

## ИМЕНКИ

**машки** род

- сто**л** – стол**ови**
- креве**т** – кревет**и**
- телевизо**р** – телевизор**и**
- друга**р** – другар**и**
- кили**м** – килим**и**
- тросе**д** – тросед**и**
- бра**т** – бра**ќа** *

**женски** род

- комод**а** – комод**и**
- мас**а** – мас**и**
- фиок**а** – фиок**и**
- фотељ**а** – фотељ**и**
- книг**а** – книг**и**
- слик**а** – слик**и**
- вазн**а** – вазн**и**
- сестр**а** – сестр**и**

**среден** род

- биро - биро**а**
- куч**е** – куч**иња**

**ИЛИ** **И... И** **НИ... НИ (НИТУ... НИТУ)**

Дали имаш брат **или** сестра? – Имам **и** брат **и** сестра.
Немам **ниту** брат **ниту** сестра (Немам **ни** брат **ни** сестра).
Во дневната соба нема **ни** килим **ни** завеси.





## Вежби

А) Напиши што има и што нема во вашата дневна соба.

Б) Пополни ги празните места:

Ние _______________ во куќа. Јас и _____________ имаме заедничка детска __________. Во ______________ дневна соба има ____________, две _____________, слики, ТВ-_______________, _____________, но нема _____________ килим, _____________ завеси.

Во дневната соба сите _____________ телевизија, јас и брат ми _______________ монопол, се _____________. Што _____________ вие во _______________ дневна соба? Дали и вие ______________ филмови? Дали _______________ карти? Дали се _______________?



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО КУЈНАТА И ТРПЕЗАРИЈАТА



**Арбен:** Ова е кујната. Овде готвиме вкусни јадења, правиме салата, вариме кафе, чај, миеме садови... и сите заедно раскреваме по ручекот.

**Јана:** Затоа кујната е толку уредна. Сè е на своето место.

**Арбен:** Во кујната има фрижидер, електричен шпорет, мијалник, машина за миење садови, тостер, чајник, машина за правење кафе... Но, нема микробранова печка.

**Јана:** Во нашата кујна има микробранова печка, но нема машина за правење кафе. Мајка ми и татко ми си варат кафе во ѓезве.

**Арбен:** Во трпезаријата има голема маса и шест стола. Овде јадеме, пиеме кафе, чај и сок. Моето омилено јадење е мусака. А твоето?

**Јана:** Јас немам едно омилено јадење. Сакам сарма, супа, мусака и... пица.





## РАЗГОВАРАМЕ

- Што прават луѓето во кујната?
- Кој раскрева по ручекот во домот на Арбен?
- Каква е нивната кујна?
- Што има, а што нема во нивната кујна?
- Кое е омиленото јадење на Арбен, а кое на Јана?
- Кое е твоето омилено јадење?



## РЕЧНИК

**Кујна, кујни;**
**Јадење, јадења,**
**салата, салати;**
**кафе, кафиња;**
**чај, чаеви;**
**сад, садови,**
**печка, печки;**
**раскрева, раскревам, раскреваш;**
**ручек, ручеци;**
**вари, варам, вариш;**
**ѓезве, ѓезве;**
**трпезарија, трпезарии;**
**мусака, сарма, супа, пица**

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Здрава храна за детство без мана.**

## ПРИМЕРИ

- Сакам да варам ручек.
- Не сакам да раскревам.
- Сакам чај и кафе.
- Во мојата кујна има фрижидер, тостер, шпорет.
- По фиоките има тави, чаши, ножеви и виљушки.



# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## ГЛАГОЛИ

Глаголот **РАСКРЕВА** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас раскрев**ам** | 1.л. | ние раскрев**аме** |
| 2.л. | ти раскрев**аш** | 2.л. | вие раскрев**ате** |
| 3.л. | тој раскрев**а** | 3.л. | тие раскрев**аат** |
| | таа раскрев**а** | | |
| | тоа раскрев**а** | | |

Глаголот **ГОТВИ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас готв**ам** | 1.л. | ние готв**име** |
| 2.л. | ти готв**иш** | 2.л. | вие готв**ите** |
| 3.л. | тој готв**и** | 3.л. | тие готв**ат** |
| | таа готв**и** | | |
| | тоа готв**и** | | |

Глаголот **МИЕ** (сегашно време)

| ЕДНИНА | | МНОЖИНА | |
|---|---|---|---|
| 1.л. | јас миј**ам** | 1.л. | ние ми**еме** |
| 2.л. | ти ми**еш** | 2.л. | вие ми**ете** |
| 3.л. | тој ми**е** | 3.л. | тие миј**ат** |
| | таа ми**е** | | |
| | тоа ми**е** | | |

## ИМЕНКИ

**машки** род

- фрижидер - фрижидер**и**
- шпорет - шпорети
- тостер - тостери
- филџан - филџани
- леб - леб**ови**
- сок - сокови
- нож - нож**еви**

**женски** род

- салата - салат**и**
- машина
- пица
- лажица
- виљушка
- чинија
- чаша
- тава

**среден** род

- каф**е** – каф**иња**
- шише – шишиња
- ѓезве – ѓезвиња

ПРАВОПИСНО ПРАВИЛО: помеѓу буквите **И** и **А** секогаш се пишува **Ј**.

Пр.: пи**ј**ам, ми**ј**ат, спи**ј**ам, Мари**ј**а, истори**ј**а, чини**ј**а, Македони**ј**а,...

„Ј“ не се пишува во зборовите: тр**иа**голник, **иа**ко.





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО ДВОРОТ И ГРАДИНАТА








**Арбен:** Јана, дали сакаш да излеземе во дворот?

**Јана:** Да, секако. Ние немаме двор, но имаме мал балкон со многу цвеќиња. Нашиот балкон е моето омилено место во домот.

**Арбен:** Еве го нашиот двор. Во него има тревник, цвеќиња и мала градина. Ова се доматите на баба ми. Зад куќата има и моркови, пиперки, марула, има кајсија, цреша и орев.

**Јана:** Одлично! Има и убава, бела ограда... Дали помагаш во домот и градината?

**Арбен:** Да. Јас и брат ми ја наводнуваме градината и го чистиме дворот.

**Јана:** Јас купувам леб, мијам садови и го чувам брат ми.

**Арбен:** И јас пазарувам и ја средувам собата. Исто така, го фрлам ѓубрето и помагам во кујната.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што има во дворот на Арбен?
- Дали дворот има ограда?
- Каков е балконот на Јана?
- Што работат Арбен и брат му во дворот и градината?
- Како помагаат Арбен и Јана во домот?



## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Јас секој ден купувам леб и ја средувам собата.**

## РЕЧНИК

**Да излезам, да излезеш, да излезе;**
**чисти, чистам, чистиш;**
**купува, купувам, купуваш;**
**пазарува, пазарувам, пазаруваш;**
**чува, чувам, чуваш**
**фрла, фрлам, фрлаш**
**наводнува, наводнувам, наводнуваш;**
**ѓубре**
**двор, дворови;**
**балкон, балкони;**
**тревник, тревници;**
**градина, градини;**
**домат, домати; морков, моркови;**
**пиперка, пиперки;**
**марула, марули;**
**кајсија, кајсии;**
**цреша, цреши;**
**орев, ореви;**
**ограда, огради;**
**помага, помагам, помагаш;**



## ПРИМЕРИ

- Јас дома помагам, мијам, фрлам ѓубре и ја чувам сестра ми.
- Мама чисти на балкон, а тато во тревникот.
- Градината е полна домати, пиперки и цреши.
- Од оградата не се гледа кој наводнува.



# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## ИМЕНКИ

| **машки** род | **женски** род | **среден** род |
|---|---|---|
| дво**р** – дворо**ви** | кад**а** – кад**и** | огледал**о** – огледал**а** |
| балко**н** – балкон**и** | крп**а** – крп**и** | ѓубр**е** |
| морко**в** – морков**и** | градин**а** – градин**и** | |
| дома**т** – домат**и** | пиперк**а** – пиперк**и** | |
| оре**в** – орев**и** | | |

### Вежби

1. Разговарај со другарчето до себе. Прашај го дали помага дома, кој мие садови/прави ручек/пече леб/го фрла ѓубрето/чисти кај нив дома. Потоа другарчето нека те праша тебе, а ти одговори му.
2. Поделете се во групи. Секоја група нека одбере слика од една просторија и нека ја опише. Потоа презентирајте усно што сте напишале и дополнувајте ги останатите групи.



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### МОЕТО СОСЕДСТВО И МОИТЕ ДРУГАРИ

**Арбен:** Ова е моето соседство, а ова се моите другари.

**Емина** живее во оваа куќа. Овој автомобил е на нејзиниот татко.

Нејзината мајка е наставничка, а татко ѝ е полицаец. Таа има две сестри. Нејзините сестри имаат 11 и 14 години.

**Милош** живее во оваа куќа. Неговата мајка е продавачка, а неговиот татко е возач. Тој има две сестри. Неговите сестри се близначки и имаат по седум години. Милош има мачка. Нејзиното име е Кити.

Во онаа куќа живее мојот другар **Ердал.** Неговиот татко е лекар, а неговата мајка е новинарка. Тој нема ни брат ни сестра. Има куче. Неговото име е Џан.

**Јана** живее на вториот кат во онаа жолта зграда. Нејзината мајка е актерка, а татко ѝ е економист. Таа има брат. Тој е бебе, има осум месеци и се вика Марко.







## РАЗГОВАРАМЕ

- Дали Емина живее во стан?
- Што се по професија нејзините родители?
- Колку години имаат нејзините сестри?
- Како се вика мачката на Милош?
- Дали Ердал има брат?
- Каде живее Јана?
- Колку месеци има нејзиниот брат?



## РЕЧНИК

**Соседство;**
**другар, другарка, другари;**
**Пријател, пријателка, пријатели;**
**нејзин/а/о/и, негов/а/о/и, овој, оној,**
**близнаци – близначки.**

## ПРИМЕРИ

- Моите другари се близнаци. Живееме во исто соседство.
- Имам и други пријатели.
- Нејзиниот другар живее на мојата улица.

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

показни заменки
**ОВОЈ, ОВАА, ОВА, ОВИЕ** (блиску)

Овој автомобил е мој.
Оваа куќа е наша.
Ова биро е на Гранит.
Овие книги се наши.

Ова е...

показни заменки
**ОНОЈ, ОНАА, ОНА, ОНИЕ** (далеку)

Оној автомобил е на дедо ми.
Онаа куќа е на мојот другар.
Она дете е мало.
Оние книги не се мои.

Она е...

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

| | |
|---|---|
| **чиј, чија, чие, чии?**<br><br>Чиј е автомобилот? – негов, нејзин, нивни<br>Чија е мачката? – негова, нејзина, нивна<br>Чие е кучето? – негово, нејзино, нивно<br>Чии се родителите? – негови, нејзини, нивни | **Неговиот автомобил** е црвен.<br>**Неговата мачка** се вика Кити.<br>**Неговото куче** се вика Џан.<br>**Нивните родители** се на работа. |
| (тој) негов, негова, негово, негови<br>(таа) нејзин, нејзина, нејзино, нејзини<br>(тоа) негов, негова, негово, негови | (тие) нивни, нивна, нивно, нивни<br><br>**брат му = неговиот брат**<br>**брат ѝ = нејзиниот брат** |







## Вежби

**Обележете со Т (точно) или ⊥ (неточно)**

1. Емина живее во зграда. ⊥ (неточно)
2. Нејзината мајка е наставничка.
3. Нивниот автомобил е жолт.
4. Милош има мачка.
5. Неговата мачка се вика Том.
6. Јана живее во куќа.
7. Нејзиниот брат има осум години.
8. Арбен има сестра.
9. Ердал нема ни брат ни сестра.
10. Неговата мачка се вика Џан.

**Пополни ги празните места со соодветен збор**

1. Јас живеам со ______________ родители, со баба ____ и со брат ____. ______________ брат се вика ______________.
2. Јана ______________ со родителите и брат ѝ во зграда. ______________ стан е на вториот __________. ____________ брат е бебе. ______ има осум ______________.
3. Милош има две сестри. ______________ сестри се близначки. ______________ мајка е продавачка, а неговиот татко е ______________.
4. Ердал има куче. ______________ куче ______________ Џан.
5. Емина има _____ сестри. ______________ сестри ________ 14 и 8 години.
6. Креветот е на Гранит. Тој е ______________. (негов/нејзин/твој)
7. Книгите се на Арбен. Тие се ______________.
8. Очилата се на Јана. Тие се ______________ (негови/нејзини/нивни)
9. Собата е на Арбен и Гранит. Таа е __________. (нејзина/негова/нивна)
10. Автомобилот не е на Емина. Автомобилот не е ____________ . (негов/нејзин/нивни)
11. Автомобилот е на татко ѝ на Емина. Тој е ________________.

**Тема: Училиште, место на живеење, интереси и слободно време**

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### МОЕТО УЧИЛИШТЕ

**Емина:** Моето училиште се вика „Братство“. Училишната зграда е жолта, со црвен покрив. Има два ката, спортска сала и голем училиштен двор. Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение. Јас и Ердал учиме во исто одделение. Во нашето одделение има дваесет ученици. Нашиот одделенски раководител е наставникот по Историја.

**Ердал:** На првиот кат се канцелариите на наставниците, директорот, педагогот, психологот и дефектологот.

**Емина:** Во кабинетот по Информатика работиме на компјутери, програмираме, пишуваме во Word, Excel, правиме презентации во Power Point.

**Ердал:** Изработуваме и стрипови и кратки филмови.

**Емина:** Во кабинетот по Математика решаваме задачи со собирање, одземање, множење и делење, учиме за дропки. Јас многу ја сакам математиката.

**Ердал:** Во спортската сала играме кошарка, фудбал, ракомет и одбојка.

**Емина:** На часовите по Физичко и здравствено образование секогаш носиме спортска опрема.

**Ердал:** За мене, библиотеката е најубавото место во училиштето.

**Емина:** Во право си. Библиотеката е нашето омилено место.

**Ердал:** Во училишниот двор појадуваме, се дружиме, спортуваме.

**Емина:** Сите се грижиме за хигиената во училиштето и го рециклираме отпадот.







## РАЗГОВАРАМЕ

- Како изгледа училиштето на Емина?
- Со кого учи Емина во исто одделение?
- Колку ученици има во нивното одделение?
- Што има на првиот кат?
- Кој е нивниот одделенски раководител?
- Што работат на часовите по Математика?
- На кој час секогаш имаат спортска опрема?
- Што прават учениците во училишниот двор?
- Кој се грижи за хигиената во училиштето?



## ПРИМЕРИ

- Јас спортувам, ти решаваш задачи.
- Во училиштето имаме кабинети.
- Изработува и рециклира играчки.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Моето одделение е едно големо семејство.**

## РЕЧНИК

**Зграда, згради;
покрив, покриви;
спортска сала, спортски сали;
одделенски раководител, одделенски раководители;
директор, директорка, директори, директорки;
педагог, педагози;
психолог, дефектолог, дефектолози;
презентација, презентации;
програмира, програмирам, програмираш;
прави, правам, правиш;
изработува, изработувам, изработуваш;
кабинет, кабинети;
кабинетска настава
решава, решавам, решаваш;
задача, задачи;
Математички операции: собирање, одземање, множење, делење,
Дропка, дропки;
спортска опрема,
спортува, спортувам, спортуваш;
рециклира, рециклирам, рециклираш.**

# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## БРОЕВИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

| | |
|---|---|
| 1 – еден | 11 – еди**наесет** |
| 2 – два | 12 – дванаесет |
| 3 – три | 13 – тринаесет |
| 4 – четири | 14 – четиринаесет |
| 5 – пет | 15 – петнаесет |
| 6 – шест | 16 – шеснаесет |
| 7 – седум | 17 – седумнаесет |
| 8 – осум | 18 – осумнаесет |
| 9 – девет | 19 – деветнаесет |
| 10 – десет | 20 – дваесет |

| | |
|---|---|
| 21 – дваесет и еден | 200 – двесте |
| 22 – дваесет и два | 300 – триста |
| 30 – триесет | 400 – четири**стотини** |
| 40 – четириесет | 500 – петстотини |
| 50 – пе**десет** | 600 – шестотини |
| 60 – шеесет | 700 – седумстотини |
| 70 – седумдесет | 800 – осумстотини |
| 80 – осумдесет | 900 – девестотини |
| 90 – деведесет | 1 000 – илјада |
| 100 – сто | 1 000 000 – милион |

**еден** моли**в**/компјуте**р** **два** молива/компјутера – **м.р.**

**една** тетратк**а**/клуп**а** **две** тетратки/клупи – **ж.р.**

**едно** пенкал**о**/дет**е** **две** пенкала/деца **– ср.р.**





## Вежби

Пополни ги празните места

**А)**

**1.** Во одделението на Амина и Ердал учат дваесет ____________________
__________________________________________________ .

**2.** Во кабинетот по Информатика учениците ______________________ ____
___________________________________________________________________ .

**3.** На часовите по Математика учениците __________________ задачи со __________________, одземање, ___________________ и __________________.

**4.** Сите ________________________ се грижат за ______________________ во училишниот двор.

**Б)**

**1.** **Колку** ученици учат во твоето одделение?

- Во __________________ одделение учат __________________ ученици.

**2.** **Колку** ката има вашето училиште?

- _____________________ училиште има ____________ ката.

**3.** **Колку** години имаш?

- ___________________________________________________________________.

**4.** **Колку** предмети имате во шесто одделение?

- ___________________________________________________________________.

**В)** Пополни со соодветните форми **еден/една/едно** или **два/две:**

Во училницата **нема** ________ табли, ________ часовници, ________ стола, _______ бироа, ________ ормар, туку **има** _______ табла, ______ часовник, _________ биро, _________ стол и __________ ормари.

## ВРЕМЕ Е ЗА МАТЕМАТИКА

| | |
|---|---|
| 3 + 2 = 5 | **(плус)** Три плус два е пет. (Три плус два е еднакво на пет) |
| 8 - 2 = | (**минус**) ______________________________________ . |
| 7 + 8 = | ______________________________________ . |
| 20 + 16 = | ______________________________________ . |
| 80 - 10 = | ______________________________________ . |
| 190 - 20 = | ______________________________________ . |
| 140 + 160 = | ______________________________________ . |



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ЈАС СЕДАМ ВО ВТОРАТА КЛУПА, А ПРЕД МЕНЕ СЕДИ...



**ЕРДАЛ:** Здраво, Емина! Како си?

**ЕМИНА:** Здраво, Ердал! Добро. Се подготвувам за вториот час. Имаме Информатика, во новиот кабинет.

**ЕРДАЛ:** Каде седиш на часот по Информатика?

**ЕМИНА:** Седам до Сара, во втората клупа.

**ЕРДАЛ:** А кој седи пред тебе и зад тебе?

**ЕМИНА:** Пред мене е Марија, а до неа е Милош. Зад мене седи Џан, а до него е Јована.

**ЕРДАЛ:** Значи, во првата клупа седат Марија и Милош, а во третата Џан и Јована?

**ЕМИНА:** Да, така е. Сега, извини, брзам. Вториот час започнува наскоро. Се гледаме!

**ЕРДАЛ:** И јас морам да одам. Чао!

## РАЗГОВАРАМЕ

- Во која клупа седи Емина на часот по Информатика?
- Кој седи пред неа, а кој зад неа?
- Кој седи до Џан, а кој е до Марија?
- Со кого седиш ти на часовите?
  Кој седи пред тебе, а кој зад тебе?



## ПРИМЕРИ

- Наим и Никола секогаш седат во последната клупа.
- Се подготвуваме за годишната приредба.
- Наскоро започнува третиот час.
- Извинете, морам да седнам!

### СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Јас седам во втората клупа, а пред мене седи...?**



## РЕЧНИК

**Седи, седам, седиш...**

**Се подготвува, се подготвувам, се подготвуваш...**

**Првата клупа, вториот ред, третата колона, четвртиот кат, петто одделение...**

**Прв, последен.**

**Пред мене, зад тебе, до него, со неа...**

**Извини! Извинете!**

**Брза, брзам, брзаш...**

**Започнува, започнувам, започнуваш...**

**Наскоро (за кусо време).**

**Морам да одам, мораш да одиш, мора да оди...**





# ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

## БРОЈНИ ПРИДАВКИ

Прв, втор, трет, четврти, петти, шести, седми, осми, деветти, десетти, единаесетти, дванаесетти, тринаесетти...

21. – дваесет и први, 22. – дваесет и втори, 48. – четириесет и осми, 96. – деведесет и шести.

## ЗАМЕНКИ

| | |
|---|---|
| **јас** | **мене** |
| **ти** | **тебе** |
| **тој** | **него** |
| **таа** | **неа** |
| **тоа** | **него** |



## ПРЕДЛОЗИ

**пред, зад, со, до**

| **ПРЕД, ЗАД** | **СО** | **ДО** |
|---|---|---|
| (КАДЕ?) | (СО ШТО?/СО КОГО?) | (КАДЕ?) |
| Таа седи пред мене.<br>Лео е зад тебе.<br>Градината е зад куќата.<br>Автомобилот е пред куќата. | Тој пишува со молив.<br>Таа брише табла со сунѓер.<br>Вие боите со темперни бои.<br>Амина седи со Ердал.<br>Таа седи со него. | Седам до Јана. |

## Вежби

**Пополни ги празните места!**

**А)**

1. Сара седи во __________ клупа. (3.)
2. На натпреварот по математика Ајше освои __________ место. (1.)
3. Ѓулшен доби __________ награда за песната „Моето училиште“. (2.)
4. Јас сум __________ одделение (6.), а сестра ми е _________. (7.)

**Б)**

1. Јас ______________ во третата клупа.
   Пред ________ седи Ајше, а _______ мене седи Ерхан.
   Кој седи пред _________, Арбен?
2. Елена седи во третата ___________.
   До _________ седи Џан. Пред ________ е Миа, а _________ неа е Марко.
3. Милош седи со мене. Пред _________ седи Бесима,
   а _______ него е Ебру







# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ДЕЖУРНИ УЧЕНИЦИ ОВАА СЕДМИЦА СЕ...

Четврток, 10:00 часот. Ѕвончето ѕвони за четвртиот час. Наставникот по Математика влегува во училницата на шесто А. Задоволно се смее. Сите се зафатени. Ердал решава задачи, Берна чита книга, Милош пишува во тетратката, а Арбен црта нешто во блокот за цртање. Наставникот гледа во таблата, а таму... едно големо срце и во него пишува: М и А.




– Добар ден, ученици! – поздравува тој.

– Добар ден! – одговараат учениците.

– Кои се дежурни ученици оваа седмица? – прашува со сериозен глас.

– Милош и Ана креваат рака.

– Сега знам зошто пишува „М и А“ на таблата – затоа што дежурните секогаш ја бришат таблата – се смее наставникот.

– Веднаш, наставнику! Денеска јас сум на ред – со црвени образи Милош оди кон таблата, го зема сунѓерот и почнува да брише.

Ана се врти лево-десно, а потоа ја зема гумата и го брише срцето од тетратката по математика.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што имаат шесто А на четвртиот час во четврток?
- Зошто е задоволен наставникот по Математика?
- Што има на таблата?
- Што пишува во срцето?
- Кои ученици се дежурни оваа недела?
- Кој е на ред да ја брише таблата?
- Како изгледа Милош додека оди кон таблата?
- Што брише Ана од тетратката по Математика?



## ПРИМЕРИ

- Мајка ми чита книга, а јас решавам задачи.
- Брат ми црта во блок број 5, а јас цртам на таблата во училиштето.
- Оваа седмица се дежурни Милош и Ана.
- Тој секогаш крева рака на час.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Дежурните ученици ја бришат таблата?**

## РЕЧНИК

**Ѕвонче, ѕвончиња.**
**Влегува, влегувам, влегуваш...**
**Училница, училници.**
**Задоволно/незадоволно.**
**Зафатен, зафатена, зафатено, зафатени.**
**Решава, решавам, решаваш...**
**Задача, задачи.**
**Чита, читам, читаш...**
**Пишува, пишувам, пишуваш...**
**Тетратка, тетратки.**
**Црта, цртам, црташ... цртање.**
**Блок, блокови.**
**Гледа, гледам, гледаш...**
**Табла, табли.**
**Срце, срца.**
**Поздравува, поздравувам, поздравуваш...**
**Одговара, одговарам, одговараш...**
**Дежурен, дежурна, дежурно, дежурни.**
**Седмица, седмици.**
**Сериозен, сериозна, сериозно, сериозни.**
**Црвен, црвена, црвено, црвени.**
**Образ, образи.**
**Сунѓер, сунѓери.**
**Брише, бришам, бришеш...**
**Лево-десно.**
**Гума, гуми.**





## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

| ВО | СО | НА |
|---|---|---|
| (КАДЕ?/КОГА?) | (СО ШТО?/СО КОГО?) | (НА ШТО?/КАДЕ?/ КОГА?) |
| Тео пишува во тетратка.<br>Книгите се во ранецот.<br>Ние седиме во првата клупа.<br>Учениците се во кабинетот.<br>Во нашето училиште има 28 училници.<br>Мојот роденден е во октомври.<br>Информатика имаме во понеделник. | Тој пишува со молив.<br>Таа брише табла со сунѓер.<br>Вие боите со темперни бои.<br>Амина седи со Ердал.<br>Јана се дружи со Арбен. | Ваљбона пишува на табла.<br>Тој седи на своето место.<br>На клупата има многу книги.<br>Ојадуваме на големиот одмор.<br>Мојот роденден е на 1 март.<br>Јана е на час. |



## Вежби

**Пополни ги празните места!**

1. Марио **крева** рака.

   Пример: **Кој** крева рака? Марио.

   **Дали** ти __________ рака на часовите?

   Да, ____________________________________________.

   Не, ____________________________________________.

2. **Кој** __________ табла?

   Илми **брише** табла.

   **Дали** Милош ________ табла?

   Не, Милош ________________ табла.

   Дежурните ученици ______________ табла.

3. **Што** прави Ненад?

   Ненад ____________ во тетратката.

   Во ____ **пишува** Ненад? Во тетратката.

   Ненад пишува ____________ работа.

   **Што** пишува Ненад? ______________________________.

4. Мемет ________ книга.

   **Кој** __________ книга? __________________.

   **Што** ________ Мемет?

   Тој ________________________________.

5. Ваљбона **решава** задачи.

   **Кој** ______________ задачи? ______________.

   **Што** решава ____________? ______________.

   Таа решава задачи **на** таблата.

   Каде ________________________? ___ таблата.

6. Петар **црта**.

   ____ црта? Петар.

   _______ Петар брише? Не, ____________________________.

   Тој црта **со** молив.

   ____ што црта тој? ____ молив.





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### НА УЧИЛИШТЕ ОДАМ СО...



Арбен живее далеку од училиштето.

Тој секој ден доаѓа со автобус, а понекогаш со автомобил, заедно со неговите родители.



Милош често вози велосипед бидејќи сака да спортува.



Берна живее блиску до училиштето и секогаш оди пешки.

Моите братучеди живеат во Холандија.

Таму многу луѓе возат велосипеди и ретко мопеди.

Ова лето ќе одам на гости кај нив со авион и таму заедно ќе возиме велосипеди.

Можеби ќе пловиме и со брод.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Како оди на училиште Арбен?
- Дали тој живее блиску или далеку од училиштето?
- Зошто Милош вози велосипед?
- Како доаѓа Берна на училиште?
- Што најмногу возат луѓето во Холандија?



## РЕЧНИК

**Далеку од...,**
**блиску до...**
**Автобус, автобуси.**
**Автомобил, автомобили.**
**Велосипед, велосипеди.**
**Авион, авиони.**
**Брод, бродови.**
**Мопед, мопеди.**
**Пешки.**
**Ретко, понекогаш, често, секогаш.**
**Човек, луѓе.**
**Секој ден.**
**Вози, возам, возиш...**
**Заедно.**

## ПРИМЕРИ

- Живеам блиску до училиштето, а далеку од киното.
- Брат ми и сестра ми одат на работа со автобус.
- Јас одам пешки на училиште. А ти?

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Велосипедот е другар на луѓето и на природата?**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Идно време (ќе + глаголот во сегашно време)**

**Прилози за време**:

утре, задутре, за два/три/неколку дена, по една/две/неколку/многу години, следниот месец, следната година, следното утро...

| **глаголот СУМ/БИДЕ** | |
|---|---|
| јас ќе бидам | ние ќе бидеме |
| ти ќе бидеш | вие ќе бидете |
| тој/таа/тоа ќе биде | тие ќе бидат |







## Вежби

**1. Напиши го соодветниот збор под секоја слика!**

















## Вежби

**2. Пополни ги празните места!**

Сара оди на училиште со ______________.



Брат ми и сестра ми ________ на работа

со ______________.



Бастри ________ на училиште ______________.



Ние ________ на одмор со ______________.



Моите соседи ________ во парк со

________________.



Како ________ ти на училиште?

_______________________________________________

Како ________ на работа твоите родители?

_______________________________________________

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО КНИЖАРНИЦАТА




Сестра ѝ на Сара, Мила, е прво одделение. Утре ќе наполни седум години. Сара е во книжарницата и сака да ѝ купи подарок.

– Утре е седмиот роденден на сестра ми. Не знам што да ѝ купам за подарок. Помогнете ми, Ве молам! – вели Сара.

– Што сака да прави сестра ти? Дали црта, пее? Дали игра со топка? Која боја ѝ е омилена? – прашува продавачката.

– Мила често црта и бои дома, а понекогаш заедно читаме приказни. Омилена боја ѝ е сината.

– Тогаш, може боички, блок за цртање, сликовница или книга со приказни.

– Одлична идеја! Ве молам, еден блок, една кутија боички, два сини молива, едно црвено пенкало и една книга со приказни од целиот свет! Ве молам, и една сина кутија за подароци!

– Среќен роденден на сестра ти! Сигурно ќе се израдува за подарокот!

– Благодарам! Се надевам. Таа секогаш се радува, на сè, дури и на мали нешта.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде е Сара?
- Како се вика нејзината сестра?
- Колку години има?
- Што сака да прави Мила?
- Која ѝ е омилена боја?
- Каква книга купи Сара?
- На што се радува Мила?



## ПРИМЕРИ

- Ѓулшен чита **црвена** книга.
- Петар пишува со **жолт** молив.
- Ружди сака **зелено** пенкало.



## РЕЧНИК

**Ќе наполни, ќе наполнам, ќе наполниш...**
**Книжарница, книжарници.**
**Подарок, подароци.**
**Сака да купи, сакам да купам, сакаш да купиш...**
**Помогнете ми, помогни ми.**
**Црта, цртам, црташ...**
**Игра, играм, играш...**
**Боја, бои.**
**Боичка, боички.**
**Омилен, омилена, омилено, омилени.**
**Сликовница, сликовници.**
**Приказна, приказни.**
**Молив, моливи.**
**Пенкало, пенкала.**
**Кутија, кутии.**
**Се надева, се надевам, се надеваш...**
**Се радува, се радувам, се радуваш...**
**Сè – ништо.**
**Нешто, нешта.**

## СПОРЕДУВАМЕ

**Кажи како на твојот мајчин јазик се вели: Среќен роденден!**





## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

| ПРИДАВКИ | | | |
|---|---|---|---|
| машки род | женски род | среден род | множина |
| **Каков?** Син, бел, црн, розов, црвен, голем, мал, висок, низок. | **Каква? -А** Сина, бела, црна, розова, црвена, голема, мала, висока, ниска. | **Какво? -О** Сино, бело, црно, розово, црвено, големо, мало, високо, ниско. | **Какви? -И** Сини, бели, црни, розови, црвени, големи, мали, високи, ниски. |



### Вежби

1. **Работа во парови.**

   Разговарајте со другарчето, прашувајте се меѓусебно за тоа каква коса, какви очи, каков училиштен прибор имате и слично!

   **На пример:**

   Јас имам зелен молив, бела гума за бришење и црвена острилка.

   **А ти?**



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### Извинете, каде е...?

ТЕАТАР

БАНКА

УЧИЛИШТЕ

ПОШТА

КИНО

БОЛНИЦА

- Извинете, каде е театарот?
- Театарот е **десно од** училиштето, **спроти** банката.
- Дали е **блиску**?
- Не е многу **далеку**.
- Ви благодарам! Пријатно!
- Молам! Пријатно!

- Извинете, каде се наоѓа болницата?
- Болницата е блиску до училиштето, спроти киното и веднаш до поштата.
- Дали болницата е жолта?
- Не, не е жолта, туку бела.
- Ви благодарам! Пријатно и убав ден!
- Пријатно!

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што се наоѓа десно од училиштето?
- Дали болницата е блиску до училиштето?
- Што има спроти киното?
- Дали болницата е бела?







## РЕЧНИК

**Театар, театри.**
**Кино, кина.**
**Банка, банки.**
**Пошта, пошти.**
**Болница, болници.**
**Лево од... – десно од...**
**До.**
**Веднаш до.**
**Спроти.**

## ПРИМЕРИ

- Јас живеам спроти автобуската станица.
- Баба ми живее спроти пазарот.
- Фудбалскиот стадион е блиску до паркот.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Живеам блиску до училиштето?**

## Вежби




**Пополни ги празните места!**

1. Каде е базенот?
   Базенот е ________________ библиотеката и трговскиот центар, десно од ________________________.
2. Каде е ________________?
   ________________ е ________________ банката и пазарот.
3. Каде се наоѓа џамијата?
   Џамијата е ________ банката.

# СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

## ИНТЕРЕСИ, ХОБИ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ

Моите соседи сакаат да готват.



Џан, Амина и Јана сакаат да се дружат во природа.

Агрон сака да истражува на интернет.

Ердал сака да фотографира.



Сара и Агрон сакаат да играат онлајн игри.

Ајше и Блерим сакаат да читаат.

Јасмина сака да пее сама, а Милош, Фатима и Бурџу сакаат да пеат во група.

Мери сака да пишува песни.



Фатмир сака да црта и да бои.

Блерим сака да решава математички проблеми.

Миа и Дино сакаат да танцуваат.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што сакаат да прават Сара и Блерим, а што Ердал?
- Дали ти сакаш да готвиш?
- Кој сака да пишува песни?



## РЕЧНИК

**Готви, готвам, готви...**

**Се дружи, се дружам, се дружиш...**

**Истражува, истражувам, истражуваш...**

**Фотографира, фотографирам, фотографираш...**

**Игра/играм/играш... игри.**

**Танцува, танцувам, танцуваш...**

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Сакам да се дружам со другарите?**

## ПРИМЕРИ

- Во слободното време сакам да правам оригами.
- Брат ми има интересно хоби – собира сликички.
- Моите братучеди сакаат да пеат во хор.
- Што сакаш да правиш ти во слободното време?



## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Сака + да + глагол во сегашно време**

| еднина | множина |
|---|---|
| сакам да цртам | сакаме да цртаме |
| сакаш да црташ | сакате да цртате |
| сака да црта | сакаат да цртаат |









### Вежби

**Одговори на следниве прашања:**

– Со што се занимаваш во слободното време?

– Дали слушаш музика? Каква музика?

– Дали можеби свириш на некој инструмент?

– Дали можеби црташ или сликаш? Можеби фотографираш?

– Дали си спортист?

– Со кој спорт се занимаваш?

– Дали читаш?

– Какви книги сакаш?

– Кои се твоите омилени писатели?





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО ЗДРАВО ТЕЛО, ЗДРАВ ДУХ

**ЕРДАЛ:** Јас сакам кошарка. Одам на игралиште да играм секој викенд. А кој спорт го сакаш ти?

**АМИНА:** Јас сакам одбојка. Тренирам во клубот во моето место. Дали и твојот брат сака кошарка?

**ЕРДАЛ:** Не, тој не сака кошарка. Тој сака фудбал. Игра многу добро.

**АМИНА:** Јас, исто така, сакам тенис. Ги гледам сите тениски натпревари.






## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој спорт му е омилен на Ердал?
- Кога игра кошарка?
- Каде тренира одбојка Амина?
- Кој спорт го сака брат му на Ердал?
- Дали Амина сака и некој друг спорт? Кој е тој спорт?





## РЕЧНИК

**Сака да спортува, сакам да спортувам, сакаш да спортуваш...**

**Игра/тренира кошарка, одбојка, фудбал, тенис, ракомет...**

**Спортски/фудбалски/ тениски натпревар, натпревари.**

## ПРИМЕРИ

- Секое попладне играм фудбал со другарите.
- За викенди гледам фудбал на телевизија или одам на стадион да навивам.




## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Во здраво тело, здрав дух?**

## Вежби

Состави реченици со следниве зборови:
сака, игра, тренира, тенис, фудбал, карате, другарите.

Агрон ________________________________________.

Моите братучеди ________________________________.

Јас ________________________________________.

Ние ________________________________________.





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

# МЕСЕЦИТЕ И ГОДИШНИТЕ ВРЕМИЊА



Во јануари и февруари е студено.

Вее снег и има мраз.



Во март е променливо и уште студи.

Во април и мај времето е топло и пријатно.

Во јуни, јули и август времето е топло.

Ретко врне или грми.





Во есен времето е постудено и врне.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Какво е времето во јануари?
- Дали често врне во јули?
- Кога е постудено, во мај или во ноември?



## РЕЧНИК

**Пролет, лето, есен, зима.**

**Јануари, февруари, март, април, мај, јуни, јули, август, септември, октомври, ноември, декември.**

**Годишно време, годишни времиња.**

**Грее сонце, дува ветер, врне дожд, вее снег.**

**Облачно/сончево/променливо/врнежливо/ветровито е.**

## ПРИМЕРИ

- Времето е ветровито и врнежливо. Цел ден врне.
- Многу е студено, вее снег и дува силен ветер.
- Најмногу сакам топло и сончево време.
- Баба ми не сака кога времето е променливо.
- За зимскиот распуст одам на скијање во планина.
- Марија сака да се сонча на плажа и да плива. За летниот распуст оди на море.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Секогаш по дождот доаѓа сонце?**

## Вежби

Во пролет времето е ______________, ______ сонце и _______ дожд.

За него велат дека е како времето во пролет – ______________________.

Во ___________ времето е топло. Одиме на __________ одмор.

Во __________ времето е студено, ______ снег и ______ ветер.
Тогаш одиме на ___________ одмор.





## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### МЕ БОЛИ РАКАТА



**МИЛОШ:** Здраво, Ердал!
Сакаш ли да играме кошарка?

**ЕРДАЛ:** Здраво, Милош!
Сакам, но не можам. Ме боли раката.

**МИЛОШ:** Жал ми е!
Побрзо оздравување!

**ЕРДАЛ:** Можеби Гент сака да игра кошарка.



**МИЛОШ:** Гент, ајде да играме кошарка!

**ГЕНТ:** Не можам. Ме боли стомакот.
Многу сум гладен.
Ќе одам да си купам ѓеврек.

**ЕРДАЛ:** Извини, Милош!
Ќе играме другпат.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Кој сака да игра кошарка?
- Што го боли Ердал?
- Гент го боли стомакот. Зошто?
- Што ќе си купи Гент?



## ПРИМЕРИ

- Маја сака да игра кошарка, а јас сакам да играм одбојка.
- Емина не е на училиште. Ја боли заб.
- Агрон е болен. Го боли стомакот.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Лошо ми е, ме боли стомакот?**

## РЕЧНИК

**Сака, сакам, сакаш...**
**Може, можам, можеш...**
**Ме боли, те боли, го/ја/го боли...**
**Жал ми е, жал ни е...**
**Ајде да играме/одиме/читаме/јадеме!**
**Гладен сум. Многу сум гладен.**
**Гладни сме. Малку сме гладни.**
**Ѓеврек, ѓевреци.**
**Другпат (не сега).**







## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

| ЗАМЕНКИ | | | |
|---|---|---|---|
| **јас** | **мене** | **ме** | **Ме** боли главата. |
| **ти** | **тебе** | **те** | **Те** боли нешто**?** |
| **тој** | **него** | **го** | Гент **го** боли стомакот. |
| **таа** | **неа** | **ја** | Јана не **ја** боли ништо. |
| **тоа** | **него** | **го** | Детето **го** боли ногата. |

**ЧЛЕНОТ КАЈ ИМЕНКИТЕ**

| машки род | женски род | среден род | множина |
|---|---|---|---|
| нос – нос**от**<br>стомак – стомак**от**<br>стол – стол**от**<br>молив – молив**от** | рака – рака**та**<br>уста – уста**та**<br>нога – нога**та**<br>глава – глава**та** | уво – уво**то**<br>око – око**то**<br>куче – куче**то** | столови – столови**те**<br>раце – раце**те**<br>очи – очи**те**<br>уши – уши**те**<br>кучиња – кучиња**та** |



### Вежби

**А)**

1. Ердал ________ да игра кошарка, но не ________.
2. Гент _____ гладен.
3. Гент не го _____ главата, ________ (а, туку, но) стомакот.

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ОМИЛЕНАТА ПРИНЦЕЗА НА СЕСТРА МИ

**М:** Здраво, Јана! Што правиш?

**Ј:** Здраво, Милош! Гледаме цртан филм со сестра ми.

**М:** Кој цртан филм? „Спајдермен“?

**Ј:** Не, „Спајдермен“ е мојот омилен филм. Сестра ми сака цртани филмови со принцези.

**М:** А која принцеза ѝ е омилена?

**Ј:** Погоди која!

**М:** Не знам. Помогни ми. Каква коса има: долга или кратка?

**Ј:** Има долга коса, многу долга.

**М:** А дали е кафеава, црна или руса?

**Ј:** Долга, црна коса.

**М:** Какви се нејзините очи?

**Ј:** Крупни, темнокафеави.

**М:** Дали Јасмин е нејзината омилена принцеза?

**Ј:** Да, Милош. Таа е.

**М:** Погодив! Уживајте во филмот.

**Ј:** Благодарам! Утре ќе го гледаме „Спајдермен“.
Дојди, ако сакаш, да го гледаме заедно.

**М:** Благодарам за поканата! Ќе дојдам.

**Ј:** Се гледаме утре!







## РАЗГОВАРАМЕ

- Што прават Јана и сестра ѝ?
- Какви цртани филмови сака сестра ѝ на Јана?
- Каква коса има нејзината омилена принцеза?
- Какви се нејзините очи и каква е нејзината коса?
- Кој филм ќе го гледаат заедно Милош и Јана?



## РЕЧНИК

**Цртан филм, цртани филмови.**

**Омилен, омилена, омилено, омилени.**

**Принцеза, принцези; принц, принцови.**

**Долг, долга, долго, долги.**

**Краток, кратка, кратко, кратки.**

**Коса.**

**Око, очи.**



## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Долга коса, краток ум?**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

**Придавките** се зборови што ги објаснуваат именките. Имаат форми за машки, женски и среден род и форма за множина.

**На пример:**

долг шал,
долга коса,
долго палто,
долги ракави.



## Вежби

**А) Поврзи ги сликите со соодветните зборови!**











- големи
- мали

очи

- големо
- мало

јаболко

- долга
- кратка

коса

- висок
- ниска

**Б) Пополни ги празните места!**

1. Јана и сестра ѝ ______________ цртан филм ____ (на/во) телевизија.
2. ______________ принцеза на сестрата ___ Јана е Јасмин.
3. _______ коса има Јасмин?
4. Таа има _______, _______ коса.
5. _______ се _______ (неговите/нејзините) очи?
6. Јана и Милош ќе го _______ филмот „Спајдермен“.



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ОВА СЕ ЖИРАФАТА ФИФИ И КРОКОДИЛОТ КИКИ




Ова е жирафата Фифи.

Таа е портокалово-кафеава, **голема** и **висока**.

Има **долг** врат, **крупни** очи и **кратка** опашка.

Живее во Африка.

Ова е крокодилот Кики.

Тој е зелен, **голем** и **низок**.

Има **долга** опашка, **голема** уста и **големи** заби.

Живее во Африка, Азија, Австралија и во Америка.







## РАЗГОВАРАМЕ

- Каде живеат жирафите?
- Како изгледа жирафата?
- Како изгледа крокодилот?
- Каде живеат крокодилите?



## РЕЧНИК

**Голем, голема, големо, големи.**
**Мал, мала, мало, мали.**
**Висок, висока, високо, високи.**
**Низок, ниска, ниско, ниски.**



Големо



Мало

### Вежби

1. Жирафите ________________ во Африка. Тие ________________ краток, туку долг врат. Тие се ________________ и ________________.

2. Крокодилите живеат ____ Африка, ___________, ________________ и ___ Америка. Тие се _____________, ниски и ___________. Немаат _______ опашка, туку ___________.

3. Моето ______________ животно е ______________. _________ е __________
________________________________________________________________
Има/нема ________________________________________________________

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО ПРОДАВНИЦАТА ЗА ОБЛЕКА

**АМИНА:** Мамо, денеска е убав ден.
Среќна сум што ќе одиме да купуваме облека.

**МАЈКАТА:** Сигурна сум дека ќе си поминеме убаво.

....

**МАЈКАТА:** Дали ти се допаѓаат оние фармерки?

**АМИНА:** Овие? Да, многу ми се допаѓаат...
Повеќе сакам црни, но и овие се многу убави.

**МАЈКАТА:** Ајде да разгледаме и блузи и дуксери!

**АМИНА:** Ве молам, дали имате ваква кошула во жолта боја?
Исто така, ми треба поголем број од овие фармерки.

**ПРОДАВАЧКАТА:** Да, имаме жолта кошула, но со долги ракави.
А од фармерките има поголем број – црни, сиви и сини.

**АМИНА:** Ви благодарам! Дали може да пробам?

**ПРОДАВАЧКАТА:** Секако. Веднаш ќе Ви донесам.







## РАЗГОВАРАМЕ



- Каде одат Амина и мајка ѝ?
- Какви фармерки сака Амина?
- Каква кошула сака да проба Амина?

## ПРИМЕРИ

- Ми се допаѓа твојата нова фризура.
- Дали ти се допаѓа мојата блуза?
- Повелете, можам ли да Ви помогнам? – Благодарам, само разгледувам!
- Ми се допаѓаат панталоните, но мали ми се. Нема поголем број.

## РЕЧНИК

**Среќен, среќна, среќно, среќни.**
**Облека.**
**Сигурен, сигурна, сигурно, сигурни.**
**Ми се допаѓа, ми се допаѓаат.**
**Ти се допаѓа, му се допаѓа, ѝ се допаѓа.**
**Да разгледа, да разгледам, да разгледаш...**
**Блуза, блузи.**
**Дуксер, дуксери.**
**Фармерки.**
**Кошула, кошули.**
**Боја, бои.**
**Поголем/помал број.**
**Ракав, ракави.**
**Да проба, да пробам, да пробаш.**

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Облеката не го прави човекот?**

## Вежби

Напиши каква облека носиш на училиште, каква облека носат луѓето кога одат во театар, а каква облека носат лекарите и полицајците!

**На училиште носам...** ______________________________

**Во театар...** ______________________________

**Лекарите...** ______________________________

**Полицајците...** ______________________________

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### МОИТЕ ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ

**Сара:**

Јас станувам во 6:30. Се мијам и се подготвувам за на училиште. Од дома излегувам во 7 часот.

Часовите почнуваат во 7:30. Во 13 часот сум дома. Од 14 до 16 часот учам.

Во 16:30 сите се дома и ручаме. Попладнето се дружиме, гледаме телевизија, разговараме.

Секој ден во 18 часот одам на тренинг. Тренирам кошарка.

Сакам да планинарам. Планинарам за викенд.



**Арбен:**

Јас станувам во 7 часот. Моите часови почнуваат во 8 часот.

Појадувам и потоа одам на училиште. Излегувам во 7:45 часот, а се враќам во 13:30 часот.

Од 14 до 16 часот играм со другарите. Учам од 16 до 18 часот. Во 19 часот одам на часови по музичко. Си легнувам во 22 часот.



## РАЗГОВАРАМЕ

- Во колку часот станува Сара, а во колку часот Арбен?
- Колку време Сара се подготвува за училиште?
- Кога се враќаат дома од училиште?
- Во кој период попладне учат?
- Што тренира Сара?
- Каде оди Арбен во 19 часот?
- Дали ти тренираш нешто?







## РЕЧНИК

**Станува, станувам, станувaш...**
**Си легнува, си легнувам, си легнуваш...**
**Се мие, се мијам, се миеш...**
**Се подготвува, се подготвувам, се подготвуваш...**
**Излегува, излегувам, излегуваш...**
**Се враќа, се враќам, се враќаш...**
**Почнува, почнувам, почнуваш...**
**Завршува, завршувам, завршуваш...**
**Тренира, тренирам, тренираш...**
**Планинари, планинарам, планинариш...**

## ПРИМЕРИ

- Секој ден станувам во 7 часот и си легнувам во 22 часот.
- На училиште одам само претпладне.
- Попладне имам часови по глума.
- За викенди планинариме или пешачиме по кејот.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Денот се познава по утрото?**

## Вежби

**Одговори на следниве прашања:**

- Со што се занимаваш во слободното време?
- Дали слушаш музика? Каква музика?
- Дали можеби свириш на некој инструмент?
- Дали можеби црташ или сликаш? Можеби фотографираш?
- Дали си спортист? Со кој спорт се занимаваш?
- Дали читаш? Какви книги сакаш?
- Кои се твоите омилени писатели?

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### БУРЕК ЗА ПОЈАДОК, САЛАТА ЗА РУЧЕК



**МАРКО:** Здраво, Сара! Како си?

**САРА:** Здраво, Марко! Добро сум. Ќе одам да си купам појадок.

**МАРКО:** Што ќе јадеш за појадок?

**САРА:** За појадок обично јадам: бурек, ѓеврек или симит. Денес ќе купам бурек. А ти каде ќе одиш?

**МАРКО:** Одам да купам ѓеврек и јогурт. Ќе одиме заедно?

**САРА:** Секако, ајде!

**МАРКО:** За ручек баба ми ќе прави мусака, а за вечера ќе готвам јас – вкусни палачинки. Утре ќе донесам за тебе и за Ердал.

**САРА:** Браво, Марко! Ти си вистински другар.







## РАЗГОВАРАМЕ

- Што обично појадува Сара?
- Што ќе јаде денеска?
- Марко, исто така, ќе оди во бурекчилницата. Што ќе си купи за појадок?
- Што ќе имаат за ручек?
- Кој ќе прави палачинки за вечера?
- Зошто е Марко вистински другар?



## РЕЧНИК

**Појадок, ручек, вечера.**

**Појадува, појадувам, појадуваш...**

**Руча, ручам, ручаш...**

**Готви, готвам, готвиш...**

**Ќе донесе, ќе донесам, ќе донесеш...**

## ПРИМЕРИ

- Денеска јадам бурек, а утре ќе си купам банана.
- Обично појадувам житарки, ручам месо и салата, а вечерам јогурт или овошје.

## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Едно јаболко на ден и ќе бидеш здрав како дрен?**



## Вежби

**Пополни ги празните места!**

1. За ________ јадам бурек, а сестра ми _____ житарки.
2. Секој ден баба ми ________ ручек, а утре јас ________ ручек.
3. Следната недела јас и мајка ми ________ ајвар.
4. Роденденот ќе го прославам со другарките. Тортата ________ чоколадна.

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ

### ВО СЛАТКАРНИЦАТА

**ГЕНТ:** Каде беше вчера?

**ЛУКА:** Вчера бев во слаткарница со брат ми.

**ГЕНТ:** Што јадевте во слаткарницата?

**ЛУКА:** Јадевме трилече.

**ГЕНТ:** А што пиевте?

**ЛУКА:** Пиевме лимонада.

**ГЕНТ:** Имаше ли торта?

**ЛУКА:** Да, имаше чоколадна торта.

**ГЕНТ:** Имаше ли еклери?

**ЛУКА:** Не, немаше еклери, имаше тулумби.







## РАЗГОВАРАМЕ

- Дали ти одиш во слаткарница?
- Што јадеше кога беше во слаткарницата? А што пиеше?
- Имаше ли боза во слаткарницата? Што немаше таму?
- Каква торта имаше на твојот роденден?



## ПРИМЕРИ

- Во слаткарницата на мојата улица има најубава боза.
- Таму секогаш има многу гости, а вчера немаше премногу.
- Вчера јас и Ана бевме на еклер и боза.
- Немаше еклер, но пробав тулумба и ми се допадна.



## СПОРЕДУВАМЕ

**Како на твојот мајчин јазик се вели: Што ќе бидеш кога ќе пораснеш?**



## РЕЧНИК

**Денеска – вчера – утре.**
**Слаткарница, слаткарници.**
**Пиев, пиеше, пиеше.**
**Јадев, јадеше, јадеше.**
**Тулумба, тулумби.**
**Еклер, еклери.**
**Торта, торти.**

## ЈАЗИЧНИ ПРАВИЛА

| Минато определено време | | | |
|---|---|---|---|
| **Глагол пие** | | **Глагол јаде** | |
| еднина | множина | еднина | множина |
| пие**в** | пие**вме** | јаде**в** | јаде**вме** |
| пие**ше** | пие**вте** | јаде**ше** | јаде**вте** |
| пие**ше** | пие**ја** | јаде**ше** | јаде**а** |
| **Глагол има** | | **Глагол сум** | |
| еднина | множина | еднина | множина |
| има**в** | има**вме** | бе**в** | бе**вме** |
| има**ше** | има**вте** | бе**ше** | бе**вте** |
| има**ше** | има**а** | бе**ше** | бе**а** |



## Вежби

Состави реченици според дадениот пример!

**Вчера – денеска – утре**

Пример: Вчера појадував тост, ручав месо, а вечерав супа. (вчера, јас)

(денеска, ние) ______________________________________________.

(утре, вие) ______________________________________________.

(следната недела, јас и ти) ________________________________.

**Покана**

Почитувани пријатели,

Повелете на _______________ во ________ часот на свечената приредба по повод патрониот празник на нашето училиште.



**Задача:**

Направете свој текст и подгответе соодветна илустрација за патрониот празник на училиштето!

# ЧИТАМЕ СТИХОВИ ОД МАКЕДОНСКИ ПОЕТИ

## ЧУДНО

Штом од бањата ќе излезам
И со фенот ќе почнам
Косата да ја сушам
Бало покрај нозете
Мала топка ми спушта.

Не знам зошто
Правењето фризура
Го потсетува
На фудбалски натпревар.
Тешко ми е
И да замислам само
Што би правел
Тој кучешки балон
Во фризерски салон.

**Трајче Кацарски**





## СВЕТОТ НА БАЈКИТЕ

Крај езерото,
на песокта
дечињата направија песочен замок,
потем неколку кули
и куќарки од ситен камен.

... И тука ги збраа:
седумте џуџиња,
Снежана и синиот принц,
седумте јарина,
Црвенкапа и нејзината баба,
добриот ловец,
Алиса од земјата на вистинските чуда.

Вечерта,
дури брановите светот на бајките го
сронуваа,
дечињата во своите постелки спокојно
сонуваа,
сонуваа,
сонуваа.

**Васил Пујовски**





**СО ОВОШЈЕТО СУМ БЛИСКА, ЗАТОА НЕ СУМ НИСКА**

Медо ми нуди
круша медена:
– Земи ја, вели,
поради тебе
не е изедена.
Рака само
треба да пружам
и веќе со зрели
малини се дружам.
Јаготка, црвена жар,
драгоцен е дар
од заспан еден
мал цар.
Јаболко црвено
стои како здрвено,
од мене ако не е изедено,
тешко ќе било навредено.
И, ете, сега
знаете зошто
не сум ниска,
со овошјето
сум многу блиска.



**Ванчо Полазаревски**



**ВЕТЕР**

Ветерот знае силно да дува
и на ридот и во долината.
Но, од него најмногу се чува
дрвото што стои само на голината.

**Михо Атанасовски**